


# ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

МЦМС

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Сашо Клековски
Извршен директор

**Автори**
Сашо Клековски
Александар Кржаловски
Гонце Јаковлеска

**Проектен тим**
Даниела Стојанова

**Лектура**
Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка**
Кома лаб. Скопје

**Печати**
Боро графика, Скопје

**Скопје, декември 2007 г.**

**Тираж:**
800



Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Copyright © 2007 Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Скопје. Сите права се задржани.

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** **5**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** **7**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** **9**

**ИНДЕКСИ** **12**

**I. ВОВЕД** **15**
I.1. Позадина 15
I.2. Термини и дефиниции 15
I.3. Индекси 17
I.4. Методологија и пристап 18

**II. ОДГОВОРНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА** **21**
II.1. Одговорност за општествените прашања и алтруизам 21
II.2. Начини на решавање на општествените потреби 23
II.3. Учество на граѓаните 24
Заклучоци 25

**III. ЈАВЕН ДУХ** **27**
Заклучок 28

**IV. УЧЕСТВО ВО НЕПАРТИСКИ ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ** **29**
Заклучок 30

**V. ВОЛОНТЕРСКА АКТИВНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА** **31**
Заклучоци 34

**VI. УЧЕСТВО И АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** **35**
VI.1. Вклученост на граѓаните во организациите на граѓанското општество 35
VI.2. Начин на вклученост 37
VI.3. Мотивација за вклученост 38
Заклучоци 39

**VII. ДОБРОТВОРНИ ПРИЛОЗИ** **41**
VII.1. Учество на граѓаните во добротворните прилози 41
VII.2. Мотивација 42
Заклучоци 44

**VIII. ЦЕЛИ И МЕХАНИЗМИ НА ДОБРОТВОРНИТЕ ПРИЛОЗИ** **45**
VIII.1. Цели на добротворните прилози 45
VIII.2. Механизми на дарување 51
Заклучоци 53

**IX. ТРАНСПАРЕНТНОСТ** **55**
IX.1. Информирање за добротворните акции 55
IX.2. Наменска употреба на добротворните прилози 56
IX.3. Повратна информација 57
Заклучоци 58

**Прилог 1. Прашалник** **59**

**Прилог 2. Структура на примерокот** **67**

# ПРЕДГОВОР

Минатата, 2006 година, како дел од сопствената ориентација кон „планирање (и застапување) засновано на факти“, МЦМС го издаде извештајот „Довербата и добротворството во Македонија“.

Годинава извештајот е раздвоен на два посебни дела за доверба и за граѓанска одговорност (вкл. добротворство). Извештај за довербата во граѓанското општество беше објавен во октомври 2007 година, а веднаш потоа се започна со подготовката на истражувањето за овој извештај.

Извештајот е подобрен врз основа на минатогодишните искуства. Поголемите промени се вклучувањето на учеството на граѓаните во непартиски полички активности, како и во активностите на заедницата и граѓанските организации, но и јавниот дух или почитувањето на нивните законски обврски. Исто така, воведени се неколку индекси за следење на ставовите и навиките на граѓаните по одредени прашања. Индексите треба да ги олеснат анализите на трендовите.

Со овие интервенции во методологијата, како и со самото периодично повторување на извештајот, сметаме дека ја подобривме употребливоста на овој извештај.

*Сашо Клековски*

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ИСППИ: | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| МЦМС: | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ВМРО-ДПМНЕ: | Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО-НП: | Внатрешна македонска револуционерна организација - Народна партија |
| ДПА: | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ: | Демократска унија за интеграција |
| Н.Р. | нерелевантно |
| НСДП: | Нова социјалдемократска партија |
| ПДП: | Партија за демократски просперитет |
| СДСМ: | Социјалдемократски сојуз на Македонија |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Извештајот **„Општествената одговорност на граѓаните“** доаѓа како резултат на потребата да се провери одговорноста на граѓаните во поширока смисла. Извештајот овозможува увид во ставовите на граѓаните за одговорноста за битните општествени прашања, за нивната (на граѓаните) законска, морална или идеолошка одговорност кон заедницата и пошироко кон општеството. Исто така преку повеќе показатели се согледуваат и навиките и постапките на граѓаните во однос на некои прашања. На крајот се дава преглед на ставовите, мотивацијата, состојбата и механизмите за добротворното дарување.

Големиот број варијабли овозможува да се види како ставовите и изјавите содејствуваат со социјалните показатели, етничката припадност или регионот на живеење. Ова овозможува да се создаде профилот на граѓанинот за конкретното прашање што понатаму ја олеснува анализата. Во извештајот ќе сретнете неколку такви профили. За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба, воспоставени се и **индекси**, кои покажуваат став на граѓаните кон одредено прашање.

Анкетирањето на репрезентативен примерок е избрано како погодна методологија за проверка на општествената одговорност на граѓаните.

Во однос на ставовите за одговорноста за општествените прашања, за граѓаните **државата се уште е најодговорна за решавањето на општествените потреби, зголемена е вербата во солидарноста, а новиот развој и барањето одговорност од државата** се сметаат за **решение на општествените проблеми.** Граѓаните имаат мала свест за сопствената граѓанска одговорност и потребата од нивно учество (партиципација). Се јавува јаз во перцепцијата на одговорноста, одејќи од општите кон конкретните ставови.

Мнозинството граѓани (52,9 %) сметаат дека државата е најодговорна за решавањето на општествените потреби. Очекувањата од државата се на минатогодишното ниво. Ова е одраз на етатистичката култура (државен социјализам). Отсуствуваат идеолошки разлики во однос

на улогата на државата, граѓаните и приватниот сектор, меѓу симпатизерите на политичката десница и левицата во Македонија.

Вербата во солидарноста на граѓаните е зголемена на 39,3 % од 26,4 % во претходната година.

Постои висока согласност (92,1 %) дека новиот развој, вработувањето и оспособувањето на граѓаните се решение за проблемите. Во барање одговорност од државата и влијанието на јавните политики веруваат 74,9 %, додека во социјална и хуманитарна помош како решение на општествените прашања веруваат малцинство од граѓаните (38,9 %). Ваквите ставови на јавноста може да бидат поддржувачки за поголемо внимание на новиот развој, наспроти социјалната помош.

Постојат големи јазови меѓу изјавите за граѓанска одговорност и конкретните одговорности. Додека 88,7 % од граѓаните сметаат дека постои одговорност за почитување на законите, кај јавниот дух тоа се намалува на 74,2 %, а се движи меѓу 57,8 % и 80,8 % за одговорноста за конкретни законски обврски (данок, плаќање сметки итн.). Јазот со реалноста е веројатно уште поголем.



Македонија, и покрај малото подобрување (даноци), има **низок кон умерен степен на јавен дух**, изразен низ оправдувањето за неплаќање данок, јавен превоз, комунални услуги и барање повластици од Владата на кои граѓаните немаат право.

**Непартиските политички активности** на граѓаните се **малубројни** и уште се намалуваат.

**Преполовени се и волонтерските активности во заедниците** и подготвеноста на луѓето да направат нешто повеќе за други лица. Само во овие активности е забележана родова разлика, со поголема вклученост на мажите. Активностите во заедницата – како „машка работа“, се можен родов стереотип.

Постои **умерено намалување на вклученоста во граѓанските организации**, но има **голем неангажиран потенцијал на граѓанските организации.** Има голем јаз помеѓу пасивниот и активниот капацитет на граѓански организации. Имено, само на случаите на познато членство (вклучително и задолжителни членарини) има десеткратна разлика помеѓу регистрираното членство и оние кои се изјасниле како вклучени во нивните активности. Најзначајна е **промената во моти-**

**вацијата за учество**, од основните (нови контакти, личен развој), кон повисоките придобивки (помош на заедницата, мисија на организациите).

**Опаднал бројот на луѓето што добротворно даруваат** од 75,5 % минатата, на 64,6 % оваа година. **Солидарноста и сожалувањето** се главните мотиви што ги водат граѓаните да даруваат добротворни прилози. Како најголема причина за недарувањето се наведува тоа што **немаат ни за себе** (10 %). Прв приоритет за дарување оваа година се **верските заедници**. Најчесто се **даруваат пари**. Вообичаената сума е од **50 до 500 денари**. Граѓаните најмногу сакаат да даруваат **директно и на рака** и преку **СМС**. Информациите за добротворните акции најефикасно се шират преку **електронските медиуми**. Има **поделена перцепција за наменската употреба** на средствата. Вкупно 53,2 % од испитаниците сметаа дека собраните прилози се употребуваат наменски. Потребата од информација за користењето на помошта е втор приоритет за граѓаните (27,7 %).

## ИНДЕКСИ

| | | |
|---|---|---|
| **ОДГОВОРНОСТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА** | | |
| Државата | 52,9 | ↔ |
| Претпријатијата | 2,2 | ↔ |
| Самите граѓани | 4,2 | ↓↓↓ |
| Заедно, државата, деловниот (приватниот) сектор и граѓаните | 33,9 | |
| **ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ** | | |
| Ги почитуваат законите/ законските обврски | 88,7 | |
| Учествуваат во политички непартиски активности | 35,0 | |
| Учествуваат волонтерски во активности на заедницата | 41,4 | |
| Учествуваат во активностите на организациите на граѓанското општество | 40,3 | |
| Добротворно да даруваат (даваат добротворни прилози) | 51,1 | |
| Индекс на општествена одговорност на граѓаните | 51,3 | |
| **СОЛИДАРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ** | | |
| Повеќето луѓе се солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите во потреба | 39,3 | ↑↑↑ |
| **ЈАВЕН ДУХ** | | |
| Не е оправдано да се бара повластици од Владата за кои се нема право | 57,8 | ↓↓↓ |
| Не е оправдано да се избегнува да се плати јавен превоз | 79,9 | ↔ |
| Не е оправдано да се избегнува да се плати данок | 80,8 | ↑ |
| Не е оправдано да не се плаќаат комуналните услуги | 78,4 | ↔ |
| Индекс на јавен дух | 74,2 | ↔ |
| **УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИ НЕПАРТИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Напишано писмо во весник | 8,3 | ↔ |
| Потпишано петиција, референдум | 15,3 | ↓↓↓ |
| Учество во протест, демонстрации | 22,4 | ↓↓↓ |
| Индекс на учество на граѓаните во политички непартиски активности | 17,8 | |
| **ВОЛОНТЕРСКА АКТИВНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| Учество на состаноци за проблемите во заедницата | 18,3 | |
| Учество во доброволна акција за корист на заедницата | 12,8 | |
| Индекс на волонтерска активност во заедницата | 15,6 | ↓↓↓ |

| УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТЕСТВО | | |
|---|---|---|
| Индекс на вклученост во организација на граѓанското општество | 17,0 | ↓↓ |
| **ДОБРОТВОРНО ДАВАЊЕ** | | |
| Индекс на добротворно давање | 64,6 | ↓↓↓ |

**ЛЕГЕНДА**

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0-3 %<br>Мали = 3,01-5 %<br>Умерени = 5,01-10 %<br>Големи = над 10 % |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

# I. ВОВЕД

## I.1. ПОЗАДИНА

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Општествената одговорност на граѓаните“, која беше спроведена на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија.

Целта на истражувањето беше да се испита граѓанската одговорност за општествените прашања во Македонија.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ), чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

Ова истражување се спроведува по вторпат. Првото истражување е спроведено во април 2006 г. и објавено во публикацијата „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија“. Во 2006 година, паралелно со ова истражување, е спроведено истражувањето за „Довербата во граѓанското општество“. Во 2007 година тоа истражување беше спроведено одвоено и се објави во октомври 2007 г.

## I.2. ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

Општествената одговорност може да биде законска, етичка, морална или заснована на вера или убедување (идеолошко). Истата може да се однесува на владата (добро владеење), на претпријатијата (социјална или општествена одговорност на претпријатијата) или на граѓанинот (граѓанска одговорност).

Ова истражување се однесува на **општествената одговорност на граѓаните** во поширока смисла. Таа се состои од два елементи, и

тоа јавниот дух и граѓанската одговорност или граѓанското учество (Цивикус, 2004).

**Јавниот дух** е показател на поддршката на граѓаните на владеење на правото (примена на законите). Јавниот дух се мери преку поддршката на плаќање данок, јавен превоз, комунални услуги и небарање повластици од Владата за кои не постои право.

Општествената одговорност на граѓаните во потесна смисла е **граѓанската одговорност** или **граѓанското учество.** Таа не е законска обврска, туку етичка, морална или обврска заснована на убедување. Таа се мери преку непартиски политички активности, волонтерски активности во заедницата, учество во граѓански организации и добротворни прилози.

**Непартиските политички активности** се однесуваат на активности, како пишување писма до весници, потпишување петиции или учество на протести, кои не се организирани од политички партии.

Во Македонија, исто така, се уште нема разграничување и на термините филантропија и добротворство, или пак во употребата на различни термини во македонскиот јазик, како што се добротворство, доброчинство и добродетелство. Во овој извештај фокусот е на **добротворните прилози** како доброволен акт на донирање пари или добра. Во овој извештај се прави разлика меѓу филантропија - човекољубие (philathropy) и добротворни прилози (charity givings). Прифатеното значење на филантропија е доброволен акт на донирање пари или добра или обезбедување друга поддршка на добротворна кауза, вообичаено во подолг период. Или, филантропија е орудие на приватниот сектор за влијание на социјална промена. Со конвенционалната дефиниција на филантропијата, донациите се за тесно дефинирана кауза и донациите треба да придонесат кон препознатлива промена во социјални услови. За тоа често се потребни големи донации и финансиска поддршка во подолг период. Потребата од поголема финансиска посветеност прави разлика меѓу „филантропија“ и добротворни прилози. Затоа, конвенционалната употреба на „филантропија“ се применува за богати поединци и понекогаш за фондација (или труст) основан од богати поединци. Во Македонија ваквото разграничување на двата поима не е јасно.

**Волонтерската активност** се однесува на доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и/ или вршење на други активности во

корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок (Закон за волонтерството на Република Македонија). Под **заедница** се подразбира група луѓе кои живеат во определена локална област, на пример општина, месна заедница, куќен совет и сл.

**Учество (вклученост) во организација на граѓанско општество** подразбира членување (вкл. плаќање членарина); доброволна работа (без надоместок); учество во активности; донирање пари.

## I.3. ИНДЕКСИ

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба, воспоставени се **индекси** (показатели), кои покажуваат став на граѓаните кон одредено прашање. Во одредени случаи индексите се едноставни и се поврзани со еден став. Пример, индексот за солидарност е уделот на одговори дека „повеќето луѓе се солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите во потреба“. Други индекси се комплексни и се средни вредности од сума на одговори на повеќе прашања. Подолу се дадени објаснувањата за дел од индексите, додека другите се самообјасниви.

Индексот на граѓанската одговорност ги опфаќа одговорите на граѓаните дека имаат одговорност да ги почитуваат законите, да учествуваат во непартиски политички активности, во состаноците и активностите за доброто на заедницата, во организациите на граѓанското општество, да даваат добротворни прилози.

Индексот на јавниот дух ги опфаќа ставовите на граѓаните дека не е оправдано да се избегнува да се плаќаат јавните давачки, комуналните услуги, јавниот превоз и да се бараат повластици од владата за кои се нема право.

Индексот на учество на граѓаните во политички непартиски активности го опфаќа нивното учество во протести и демонстрации, потпишување петиција или пишување писмо во весник.

Индексот на волонтерската активност во заедницата го одразува учеството на граѓаните во активностите за доброто на заедницата во смисла на состаноци, акции и сл.

Индексот на вклученоста во организација на граѓанското општество означува колку граѓаните се активно вклучени во работата на овие организации, односно дали плаќаат членарина, дали учествуваат во активностите, дали работат без надоместок или пак донираат пари.

Индексот на добротворното давање укажува дали и колку граѓаните даруваат во добротворни цели (во пари, во добра или со добротворна работа).

| ИНДЕКСИ НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ | |
|---|---|
| Индекс на општествена одговорност | = Σ имаат одговорност |
| Индекс на солидарност | = повеќето луѓе се солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите во потреба |
| Индекс на јавен дух | = Σ никогаш |
| Индекс на учество во политички непартиски активности | = Σ учествувам |
| Индекс на волонтерска активност во заедницата | = Σ учество на состаноци и во активности / број на активности |
| Индекс на вклученост во организација на граѓанското општество | = вклучен сум |
| Индекс на добротворно давање | = Σ дарувал во последните 12 месеци |



## I.4. МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИСТАП

Истражувањето е спроведено со усна анкета во домаќинствата во декември 2007 година, на репрезентативен примерок од 1.607 испитаници.

### ПРАШАЛНИК

Прашалниците за анкетата се оние употребени во 2006 година, изменети врз основа на искуствата од првата анкета и со вклучување на прашањата од истражувачката методологија на Цивикус - Индексот на граѓанското општество на Македонија, кои се однесуваат на јавниот дух и учеството на граѓаните во непартиски политички активности, во граѓанските организации и во заедницата, воопшто. Прашањата

се подготвени од авторите и од проектниот тим на МЦМС, во соработка со експерти од ИСППИ.

За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли:

» Јавниот дух (почитување на законската обврска) на граѓаните; Учеството на граѓаните во политички непартиски активности на граѓаните;
» Волонтерската активност на граѓаните во заедницата;
» Учеството и активирањето на граѓаните во организациите на граѓанското општество;
» Добротворното давање на граѓаните;
» Социо-демографски карактеристики..

## ПРИМЕРОК

Анкетата беше спроведена во декември 2007 година, на репрезентативен примерок од 1.607 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Исто така се внимаваше изборот на испитаници да обезбеди репрезентативност и по работен статус, по степен на образование, по месечни примања по член на домаќинство и по чувство на партиска припадност. Годинава граѓаните беа запрашани и дали членуваат во некоја граѓанска организација.



Од 1.607 испитаници, 49,4 % беа жени, а 50,6 % мажи, во однос на етничката застапеност Македонците беа застапени со 65 %, а Албанците со 23,6 %, другите етнички групи беа застапени со 11,4 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 40,3 %, додека градската со 59,8 % (градот Скопје со 21,5 %). Повеќе информации за структурата на примерокот се дадени во прилогот 2.

## ОБРАБОТКА И ПРИКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 5 %.

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки.

Покрај бројките се прикажани трендовите во однос на претходните истражувања спроведени во 2004 г. и во 2006 г., за оние податоци кои се споредливи со нив. Легендата на симболите за трендовите е во извршното резиме.

Во извршното резиме се предадени некои од побитните податоци и нивниот тренд. Исто така за подобрување на анализата на податоците се употребени одредени индекси.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

**РАБОТНА ГРУПА**

МЦМС вклучи неколку свои соработници во сите фази на истражувањето: Сашо Клековски, Александар Кржаловски, Гонце Јаковлеска, Сунчица Саздовска и Даниела Стојанова. Во тимот од ИСППИ беа вклучени Наташа Габер-Дамјановска, Емилија Симовска, Анета Јовевска, Климе Бабунски и Петар Атанасов.

# II. ОДГОВОРНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА

Воведот во истражувањето на општествената одговорност на граѓаните е истражување на ставовите на граѓаните за распределба на одговорноста меѓу државата, деловниот и граѓанскиот сектор, за тоа што е одговорност на граѓаните, за алтруизмот и како може да се решат општествените потреби и кои се ставовите за начините на учество на граѓаните.

## II.1. ОДГОВОРНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА И АЛТРУИЗАМ

Истражуван е ставот за распределба на одговорноста за решавање на општествените потреби меѓу трите сектора: државата, деловниот и граѓанскиот сектор.

Највисоки очекувања има кон државата (52,9 %) и тие се исто високи како и претходната година. Веднаш потоа се очекувањата за заедничка одговорност на трите сектори (33,9 %), пониски кон самите граѓани или кон претпријатијата (деловен сектор).

**Графикон II.1.1**
**Кој е најодговорен за поддршка на граѓаните во решавањето на нивните општествени потреби?**



Профилот на поддржувачи на одговорноста на различни актери е релативно хомоген. Повисоки очекувања од државата има кај земјоделците (75,6 %) и кај граѓаните со незавршено основно образоване (74,3 %). Поддршката на одговорноста на самите граѓани и на заедничката одговорност расте со висината на месечните примања, пр. поддршката за заедничката одговорност расте од 24,4 % на 41,7 % од најниските кон највисоките примања. Меѓу симпатизерите на ДУИ и на ПДП има највисоки очекувања од државата (70,5 %, односно 72 %), а симпатизерите на ЛДП најмногу веруваат во заедничката одговорност (50 %). Членовите и вработените во граѓански организации не отстапуваат од општиот став.

**Графикон II. 1. 2.**

**Став за алтруизмот (несебична поддршка) на луѓето**




Луѓето се грижат само за себе и не се заинтересирани за другите, за заедницата и за државата е ставот на 45,7 % од граѓаните. Овој став е во пад од 15,4 %, наспроти вербата во солидарноста на луѓето која е во пораст на 39,3 % од 26,4 % во претходната година.

И во ставовите за солидарноста на луѓето има висока хомогеност, со многу мали разлики. Во него повеќе веруваат етничките Албанци (48,8 %), полошкиот регион (59,6 %) и симпатизерите на ДПА (66,3 %). Сепак клучните разлики се поврзани со економско-социјалните разлики. Вербата во солидарноста расте од оние со незавршено основно образование (25,7 %), кон оние со високо образование (45,3 %), како што расте и од оние со најниски примања (29,6 %), кон оние со највисоки примања (59,3 %).

## II.2. НАЧИНИ НА РЕШАВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОТРЕБИ

Граѓаните се прашани за ставовите како може да се решаваат општествените потреби.

**Графикон II. 2.1.**

**Општествените потреби може да се решат со:**




Нов развој, вработување и оспособување на граѓаните е начин на решавање на општествените потреби за големо мнозинство (92,1 %), а исто така и барање одговорност од државата и влијание на јавните политики (74,9 %). Повеќе граѓани не очекуваат потребите да се решат со социјално-хуманитарната помош (46,5 %), наспроти оние кои го очекуваат тоа (38,9 %).

Ставовите се хомогени и разлики во ставовите се јавуваат само во образовното ниво. Во социјално-хуманитарната помош повеќе веруваат оние со незавршено основно образование (45,7 %), отколку оние со високо образование (34,1 %). Оние со високо образование веруваат во нов развој (93,3 %) и зголемување на одговорноста на државата и влијание на јавните политики (78,2 %), наспроти оние со незавршено основно образование (71,4 %, односно 57,1 %).

## II.3. УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ

**Графикон II. 3.1.**

**Граѓаните имаат одговорност да:**






Граѓаните чувствуваат најмала одговорност да се вклучат во политички непартиски активности (35 %), а највисока одговорност да ги почитуваат законите (88,7 %). Постои релативна хомогеност во однос на демографските и социо-економските карактеристики. Мали разлики во ставовите се поврзани со возраста, односно помладите имаат повисока поддршка од највозрасните. Учеството во волонтерски активности за заедницата има највисока поддршка кај луѓето од 18 до 25 години (49,4 %), наспроти најмала поддршка кај оние над 65 години (29,8 %). Слично е со учество во организациите на граѓанското општество (46,9 %, наспроти 31 %) и во другите одговорности на граѓаните.

## ЗАКЛУЧОК

### 1. Државата се уште најодговорна во решавањето на општествените потреби

Мнозинството граѓани (52,9 %) сметаат дека државата е најодговорна за решавањето на општествените потреби. Очекувањата од државата се на минатогодишното ниво.

Високите очекувања кон државата, со пониски очекувања од самите граѓани и скоро отсуство на очекувања од деловниот сектор, оди во прилог на етатистичката култура, како остаток на државниот социјализам, односно мала јавна поддршка на устројување на Македонија како либерално-демократски уставен систем. Малата поддршка за поинакво устројување на Македонија е одразена и во отсуството на идеолошки разлики во однос на улогата на државата, граѓаните и приватниот сектор, меѓу симпатизерите на политичката десница и левица во Македонија

### 2. Зголемена верба во солидарноста

Вербата во солидарноста на граѓаните е зголемена на 39,3 % од 26,4 % во претходната година. Се уште најмалку верба имаат оние со незавршено основно образование (25,7 %), најверојатно како самоперципирани жртви на негрижата за другите. Иако и понатаму постои образовно-социјален јаз, се забележува дека вербата во солидарноста е зголемена и кај оние со најниско образование (на 25,7 % од 15,8 %).

### 3. Нов развој и барање одговорност од државата - решение на општествените проблеми

За тоа дека нов развој, вработување и оспособување на граѓаните се решение за проблемите, постои висока согласност (92,1 %). Со овој став најмалку се согласуваат оние со незавршено основно образование (71,4 %), кои најверојатно се перципираат како група во потреба.

Во барање одговорност од државата и влијание на јавните политики веруваат 74,9 %, додека во социјална и хуманитарна помош како решение на општествените прашања веруваат малцинство од граѓаните (38,9 %).

Ваквите ставови на јавноста може да бидат поддржувачки за поголемо внимание на новиот развојот наспроти социјалната помош.

## 4. Мала перцепција за сопствената граѓанска одговорност и учество

Мало мнозинство на граѓаните имаат ставови за сопствената граѓанска одговорност и учество (партиципација). Тоа е во корелација со чувствувањето на државата како најодговорна за општествените прашања. Доколку општествената одговорност се анализира во потесна смисла без одговорноста за владеење на правото, поддршката за граѓанска одговорност и за учеството е на малцинство на граѓаните.

## 5. Јаз меѓу ставовите и уште полошата реалност на граѓанската одговорност и учество

Постојат големи јазови меѓу изјавите за граѓанска одговорност и реалноста.

Доколку 88,7 % од граѓаните сметаат дека постои одговорност за почитување на законите, кај јавниот дух тоа се намалува на 74,2 %, или од 57,8 % до 80,8 % за одговорноста за конкретни законски обврски (данок, плаќање сметки итн.). Јазот со реалноста е веројатно уште поголем.



| | ОДГОВОРНОСТ ЗА | ПОКАЗАТЕЛ |
|---|---|---|
| Јавен дух | 88,7 % | 74,2 % |
| Учество во непартиски политички активности | 35 % | 17,8 % |
| Вклученост во организациите на граѓанското општество | 40,3 % | 17 % |
| Волонтерска активност во заедницата | 41,4 % | 15,6 % |
| Добротворно давање | 51,1 % | 64,6 % |

Големи се јазовите меѓу ставовите за одговорноста и реалното учество во политички непартиски активности (35 % и 17,8 %), вклученоста во граѓанските организации (40,3 % и 17 %), вклученоста во волонтерска активност во заедницата (41,4 % и 15,6 %). Единствена отстапка е во добротворното давање каде 51,1 % сметаат дека е тоа граѓанска одговорност, а 64,6 % велат дека се вклучени во добротворно давање. Но, и оваа отстапка ја потврдува претходната.

# III. ЈАВЕН ДУХ

Поддршката на владеење на правото или јавниот дух е истражувана преку четири прашања.

**Графикон III. 1.**
**Оправданост на избегнувањето да се плати данок, јавен превоз, комунални услуги и да се бараат повластици за кои се нема право**




Постои поддршка на големо мнозинство граѓани за плаќање данок (80,8 %), јавен превоз (79,9 %) и комунални услуги (78,4 %). Поддршката за плаќање данок е во благ пораст во однос на истражувањето од 2004 година.

Помала поддршка, иако се уште од мнозинство граѓани (57,8 %), има небарањето повластици од Владата за кои не постои правна основа. Во ова подрачје е зголемен бројот на граѓани кои сметаат дека треба да бараат повластици од Владата за кои немаат право.

Јавниот дух, односно поддршката е хомогена. Малку помала поддршка има кај граѓаните со основно образование, и тоа за плаќањето данок (65,2 %) и (не)барање повластици од Владата (43,5 %).

Не е утврдена врска меѓу јавниот дух и социјалната положба, односно висината на месечните приходи.

Тука е поставено и прашање за јавување на отворени телефонски линии заради пријава/ жалба (на кршење на законот). Бројот на оние кои се јавиле е 25 %, што ги поддржува претходните ставови за оправдување или неоправдување на кршење на законот.

## ЗАКЛУЧОК

### 1. Низок[1] кон умерен степен на јавен дух

Македонија, и покрај малото подобрување (даноци), има низок кон умерен степен на јавен дух, изразен низ оправданоста за неплаќање данок, јавен превоз, комунални услуги и барање повластици од Владата за кои граѓаните немаат право.

Иако повеќе студии прават врска меѓу нискиот степен на јавен дух и социоекономската состојба во државата (невработеност, сиромаштија) и сивата економија, во ова истражување не постои врска меѓу јавниот дух и социјалната положба (висината на месечните примања).



1 Јавниот дух е карактеризиран со низок до умерен степен, и покрај тоа што големо мнозинство од граѓаните не оправдуваат кршење на законот. Иако граѓаните кои оправдуваат кршење на законот се малцинство, сепак нивниот број е голем според Прегледот на светските вредности, и тој треба битно да се намали.

# IV. УЧЕСТВО ВО НЕПАРТИСКИ ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ

Учеството на граѓаните во непартиски политички активности е мерено преку пишување писма во весник, учество во петиции или протести.

**Графикон IV. 1.**

**Учество на граѓаните во непартиски политички активности во 2007г.**




Писмо во весник (еднаш, неколку пати, постојано) во последните 12 месеци пишувале 8,3 % од граѓаните, додека во последните 12 месеци петиција имаат потпишано 15,3 % од граѓаните, а во протести учествувале 22,4 % од граѓаните. Учеството во петиции и протести е намалено во однос на претходното истражување од 2004 година.

Повисоко ниво на непартиски политички активности имаат членовите на граѓанските организации, и тоа во пишување писма (20,7 %), потпишување петиција (47,4 %) и учество во протести (47,8 %). Повисоко учество на протести имаат и етничките Албанци (37,2 %) и симпатизерите на ДУИ (47,3 %), ДПА (44,6 %) и ПДП (60 %).

## ЗАКЛУЧОК

### 1. Малку непартиски политички активности на граѓаните

Граѓаните имаат малку непартиски политички активности и истите бележат пад.

Меѓу членовите на граѓанските организации има повисоко ниво на активности што може да е знак на организирање непартиски политички активности преку граѓанските организации (влијание на јавните политики).

Во минатиот период етничките Албанци, посебно симпатизерите на ДУИ, на ДПА и на ПДП имале повисоко учество на протести. Поврзаноста на симпатизерството со политичките партии повеќе говори во прилог на партиски активности, отколку на непартиски.

# V. ВОЛОНТЕРСКА АКТИВНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Значаен дел од општествената одговорност на граѓаните претставува и нивната волонтерска активност во заедницата. Тоа вклучува учество во состаноци на кои се расправа за проблемите во заедницата (општина, месна заедница, куќен совет и сл.), доброволно учество во активност корисна за заедницата (пр. чистење на улиците), или пак помагање на други луѓе од заедницата без надомест за тоа.

За разлика од претходното истражување на оваа тема (2004 година), впечатокот на испитаниците е дека колективните активности во заедницата се преполовени. Имено, 26,6 % знаат за одржани состаноци во нивната општина (наспроти 44,3 % пред четири години), а 22,8 % (47,1 % во 2004 г.) и за одржани доброволни акции корисни за пошироката заедница во нивната општина.

**Графикон V. 1.**
**Информираност за колективни активности во заедницата**

а) Состаноци



б) Доброволни акции




Повеќе мажи (31 %), отколку жени (21 %) се информирани за волонтерските состаноци и активности. На истите прашања нема битни отстапувања во однос на возраста (средовечните луѓе, од 30 до 50 години се малку поактивни од младите и од старите), етничката или партиската припадност, примањата во домаќинството, како и местото на живеење. Разлики има кај домаќинките кои се најмалку запознаени (10 %), а делумно и кај земјоделците и кај невработените (под 20 %), додека вработените во граѓанскиот сектор најмногу ги следат случувањата во својата заедница (70 %). Отстапувањето е забележливо и во однос на образовната структура - од оние со незавршено основно образование (11 %), преку тие со основно (18 %) кои се доста под просекот (26 %), до оние со високо образование кај кои 36 % се информирани.

Значително е намалено и личното учество на состаноци (18,3 %, наспроти 26,5%) и особено во доброволни активности (12,8 % во однос на 32,6 % во 2004 г.).

Согласно информираноста е и учеството во нив - 23 % мажи, наспроти 13 % жени учествувале на состаноци и 16 % мажи, наспроти 9 % жени биле вклучени во доброволни акции. Заради намаленото општо учество во волонтерски активности, помали се и отстапувањата по параметрите на испитуваниот примерок. Тука останува константно ниското учество кај лицата со незавршено образование, а забележливо е што земјоделците (само за состаноци) и домаќинките

се обесхрабруваат за понатамошно учество по првиот пат. Во однос на политичките партии, има разноликост во одговорите, но константно највисоко учество има кај симпатизерите на ДУИ.

**Графикон V. 2.**

**Учество на граѓаните во активности и состаноци за заедницата**




Намалениот волонтеризам е пресликан и воопшто во подготвеноста за личен ангажман за каква било помош на други луѓе без надомест, за што се изјасниле малцинството анкетирани (40,8 %), додека порано тоа било случај за големо мнозинство (74,1 %) од нив. Најголем дел од нив пак (25,5 % од сите анкетирани, односно 62,5 % од тие што се изјасниле позитивно), волонтерски се ангажирале помалку од 4 часа во период од еден месец.

Интересно е што поголема солидарност од овој вид има во големите градови (над 50.000 жители), но не и во Скопје (кој е под просекот). Поизразена подготвеност за помош има и кај симпатизерите на НСДП, на ДУИ и на ДПА, а изненадувачки во однос на претходните одговори е високото лично учество без надомест во пелагонискиот регион (75 %) и ниското (19 %) во југоисточниот регион.

## ЗАКЛУЧОЦИ

### 1. Преполовени волонтерски активности

Со 26,6 % испитаници кои знаат за одржани состаноци во нивната општина (наспроти 44,3 % пред четири години) и 22,8 % (47,1 % во 2004 г.) кои знаат за одржани доброволни акции корисни за поширокaта заедница во нивната општина, има тенденција на значително намалување на волонтерските активности во заедниците и подготвеноста на луѓето да направат нешто повеќе за другите лица (вон семејството и лично за себе).

Мнозинство од луѓето кои се свесни за активностите во заедницата изјавиле и дека лично учествувале во нив (69 % на состаноци и 56 % во доброволни акции), иако и во учеството има значително намалување (на состаноци 18,3 %, наспроти 26,5% во 2004 г. и особено во доброволни активности - 12,8 % во однос на 32,6 % претходно).

### 2. Активностите во заедницата - „машка работа“, можен родов стереотип

За разлика од одговорите на сите други прашања во истражувањето, каде што нема родови разлики, учеството во активностите во заедницата (состаноци на куќен совет, месни заедници, општини, како и доброволни акции за корист на поширокaта заедница) се доживува повеќе како машка работа (10 % повеќе мажи се информирани и учествувале на состаноци, а 7 % повеќе мажи учествувале во акции).

# VI. УЧЕСТВО И АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

За организациите на граѓанското општество честопати се реферира и како на волонтерски. Понекогаш и секторот се именува така. Но, колкава е вклученоста на граѓаните во нивните активности?

## VI.1. ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Само 17 %, односно мало малцинство од испитаниците, изјавиле дека биле вклучени во работата на некоја граѓанска организација. Тоа е умерено намалување во однос на 2004 г. (членство од 22,9 % според истражувањето „Примерок на заедницата" изведено во рамките на Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија), иако самите испитаници сметаат дека нивното учество е зголемено (5,8 %, наспроти 2,4 % кои го изјавиле спротивното).

**Графикон VI. 1.1.**
**Вклученост во работата на организација на граѓанското општество**




Повеќе од четвртина од нив биле вклучени во работата на црквите и на верските заедници (особено етничките Албанци, а меѓу нив трикратно повеќе симпатизерите на ДУИ, отколку на ДПА и на ПДП), а вклученоста во неколку од другите наведени групи (спорт/хоби,

синдикати, здравје, демократија, стари лица, животна средина и др.) е на ниво од околу 1 %. Ова одговара и на прашањето за важноста на секоја од овие групи за испитаниците. Повторно водечки се верските заедници со 3,6 % кај кои единствено има пораст од претходниот период, а следуваат домашните граѓански организации со 2,1 %. Значителен пад има кај организациите кои се занимаваат со жени и со родови прашања во однос на 2004 година.

**Табела VI.1.2.**

**Вклученост на граѓаните во организациите на граѓанското општество по сектори**

| СЕКТОР | 2007 |
|---|---|
| Цркви и верски заедници | 4,7 % |
| Демократија, човекови права и владеење на правото | 0,9 % |
| Деца, млади и студенти | 0,7 % |
| Етнички заедници | 0 % |
| Жени и родови прашања | 0 % |
| Животна средина и природа | 0,9 % |
| Здравје и здравство | 1,1 % |
| Информации | 0 % |
| Култура и уметност | 0 % |
| Лица со посебни потреби | 0,6 % |
| Струкови здруженија | 0 % |
| Ненасилство и толеранција | 0 % |
| Образование и наука | 0 % |
| Развој на граѓанското општество | 0,8 % |
| Рурален развој | 0,8 % |
| Синдикати | 1,2 % |
| Социјални и хуманитарни | 0,8 % |
| Спорт, хоби и рекреација | 1,4 % |
| Стари лица | 0,9 % |
| Други категории | 2,1 % |
| **Вкупно** | **16,9 %** |

Слично како и кај волонтеризмот, пониско учество во работата на граѓанските организации има кај домаќинките (5 %, невработените и лицата со ниски примања (6-10 %) и земјоделците (10 %) и особено кај оние со незавршено основно образование (само 3 % и тие се исклучиво во верските организации).

Потпросечно учество има кај жителите на селата (14 %), а најниско во однос на местото на живеење (12,7 %) има кај граѓаните на Скопје.

## VI.2. НАЧИН НА ВКЛУЧЕНОСТ

Најчест начин на вклученост во граѓанска организација е преку учество на граѓаните во активностите на таа организација (7,2 %) и доброволна работа (5,2 %), наспроти плаќањето членарина или други индивидуални парични донации (2,2 %, односно 2,4 %).

**Графикон VI. 2.1.**
**Начин на вклученост на граѓаните во организациите на граѓанското општество**




Во активностите, покрај самите членови на граѓанските организации, најчесто учествуваат (вклучително и со доброволна работа) подобро образованите лица (31 % со средно и со високо образование) - вработени во јавниот сектор (24 %) и ученици/студенти (18 %). Од другите симпатизери на политичките партии, отскокнуваат оние на ЛДП (27 %) и на НСДП (21 %), а најактивен регион е североисточниот (20 %).

Плаќањето членарина е покарактеристично за пензионерите и за вработените во јавниот сектор (5 %), додека донации даваат повеќе вработените во деловниот сектор (5 %), како и етничките Власи (13 %), Турци (6 %) и Албанци (5 %).

## VI.3. МОТИВАЦИЈА ЗА ВКЛУЧЕНОСТ

Од друга страна, има битна промена во мотивацијата на граѓаните за вклучување во активности на организациите на граѓанското општество. На прашањето зошто им се важни организациите во кои се вклучени, половината од нив одговориле дека е тоа заради согласност со мисијата (4,4 % од сите испитаници, односно 30 % од оние кои се вклучени во нивната работа) или заради помошта на заедницата (3,3 %, т.е. 22 %). Во претходниот период (2004 г.), најважна причина за вклучувањето била можноста за вработување (обезбедување дополнителни приходи и други лични добивки) и личен развој (знаења, искуства).

**Графикон VI.3.1.**

**Мотив за вклучување на граѓаните во организациите на граѓанското општество**




Оваа мотивација е покарактеристична за мажите (за жените доминантна причина е личниот развој 3,3 % од вкупниот број, односно

26 % од оние што изјавиле дека учествуваат во работата на некоја граѓанска организација).

Младите повеќе се активираат заради дружење (нови познанства) и личен развој (вкупно 9 % помлади од 25 години), а носители на промената во мотивацијата се средовечните граѓани (од 30 до 50 години, со 9-12 % од вкупно 17 % активни во граѓанските организации).

## ЗАКЛУЧОЦИ

### 1. Умерено намалување на вклученоста во граѓанските организации

Има пад на вклученоста на граѓаните во работата на организациите на граѓанското општество за 5,9 %. Падот е во целиот сектор (повеќе кај организациите на жените и кај оние активни во здравството), освен кај верските заедници.

Граѓаните најчесто се вклучени во активности и со доброволна работа, а помалку со плаќање членарина и донирање пари.

### 2. Неангажиран капацитет (потенцијал) на граѓанските организации

Има голем јаз помеѓу пасивниот и активниот капацитет на граѓанските организации. Имено, само на случаите на познато членство (вклучително и задолжителни членарини) има десеткратна разлика помеѓу регистрираното членство и оние кои се изјасниле како вклучени во нивните активности.

На пример, Сојузот на здруженијата на пензионерите има над 220.000 регистрирани членови, што е околу 10 % од популацијата на Македонија, а наспроти тоа, само 0,9 % од испитаниците известиле за активност во организации на стари лица. Слично е и со синдикатите и со струковите здруженија (лекари, судии, обвинители итн.).

### 3. Променета мотивација за учество во работата на граѓанските организации

Активноста на граѓаните во работата на граѓанските организации бележи умерено намалување (5 %). Најзначајна е промената во мотивацијата за учество, од основните (нови контакти, личен развој), кон повисоките придобивки (помош на заедницата, мисија на организациите).

# VII. ДОБРОТВОРНИ ПРИЛОЗИ

Добротворните прилози се истражувани преку 15 прашања. Одговорите на најголем дел од нив можевме да ги споредиме со истражувањето за добротворно давање во претходната 2006 година. Резултатите покажуваат какви се навиките за добротворно дарување на граѓаните на Република Македонија.

## VII.1. УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ДОБРОТВОРНИТЕ ПРИЛОЗИ

Редовно или повремено Албанците дарувале повеќе во последните 12 месеци (74,7 %) од Македонците (63,5 %). Членовите на граѓанските организации даруваат 86,4 %, а учениците и студентите не дарувале, но би дарувале (37,3 %). Не дарувале и не би дале најмногу граѓаните на возраст над 65 години.



Процентот на оние што даруваат редовно или повремено се зголемува со зголемувањето на нивото на образованието, од 2,9 %, односно 40 % кај оние со незавршено основно образование, до 16,2 %, односно 59,2 % за оние со вишо и со високо образование. И, обратно, процентот опаѓа кај негативните ставови од 22,9 %, односно 34,3 % кај оние со незавршено основно образование, до 18,4 %, односно 6,10 % кај оние со вишо и со високо образование.

Процентот на дарувачи расте со зголемувањето на месечните примања по член во домаќинството од 4,5 % до 22,2 % (за редовните) и, обратно, опаѓа кај последниот став од 15,5 % за оние со месечни примања до 2.000 МКД до 1,9 % за оние со над 12.000 МКД месечни примања.

Повремено најмногу даруваат во пелагонискиот регион (71,6 %), а најмалку во вардарскиот 36,5 % и во југоисточниот 42,4 %.

**Графикон VII.1.1.**
**Давање добротворни прилози во 2007 г.**




## VII.2. МОТИВАЦИЈА



Оваа година се намалил бројот на оние што воопшто даруваат (64,6 %) во однос на претходната година (83,2 %). За 11,3 % се намалил бројот на оние што даруваат затоа што сметаат дека луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе. Се намалил процентот и на оние што даруваат од сожалување на 18,2 %, од 21,2 %.

Во ставот дека луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе најмалку веруваат граѓаните над 65-годишна возраст (23,8 %), невработените (25,2 %), земјоделците (22 %) и граѓаните од југоисточниот (26,4 %) и од југозападниот (22,5 %) регион.

Во овој став најмногу веруваат членовите на граѓанските организации (56,2 %), вработените во јавниот сектор (50,2 %) и граѓаните од полошкиот регион (46,9 %).

Поддршката на првиот став расте со степенот на образованието, од 20 % кај оние со незавршено основно, до 48,9 % кај оние со вишо и со високо образование. Истото се случува и во однос на примањата по член во домаќинството, поддршката на првиот став расте со примањата од 26,1 % кај оние со примања до 2.000 МКД, до 61,1 % кај оние со примања над 12.000 МКД.

**Графикон VII. 2.1.**
**Мотивација**




Не се определиле за ниту една од опциите, или не даруваат 29,7 % од испитаниците, што е зголемување за 13,4 % од минатата година.

Дека немаат доволно ни за себе е причината за недарување кај оние со незавршено образование (37,1 %), оние со примања по член на домаќинството до 2.000 МКД и кај граѓаните од вардарскиот регион (33,3 %). Тој процент опаѓа како што се зголемува степенот на образованието (5 % кај оние со вишо и со високо образование) и примањата во домаќинството (0,9 % кај оние со примања над 12.000). Само 0,7 % од граѓаните од југозападниот регион сметаат дека немаат доволно ни за себе и дека тоа е причината за недарување.

Граѓаните со незавршено основно образование најмногу се сомневаат во злоупотреби (14,3 %) во однос на оние со вишо и со високо образование (2,8 %).

**Графикон VII. 2.2.**

**Причини за недавање добротворни прилози**






## ЗАКЛУЧОЦИ

### 1. Опаднал бројот на луѓето што даруваат од 75,5 % минатата, на 64,6 % оваа година

Иако процентот на оние што редовно даруваат се зголемил од 8,3 % минатата, на 9,8 % оваа година, вкупниот број на дарувачи е намален. Ова покажува дека степенот на добротворство во однос на минатата 2006 година е влошен за 10,9 %.

### 2. Солидарноста и сожалувањето главните мотиви што ги водат граѓаните во дарувањето добротворни прилози

Луѓето најмногу даруваат затоа што сметаат дека треба да се поддржуваат меѓу себе (36,3 %) или од сожалување (18,2 %). Како најголема причина за недарувањето се наведува тоа што немаат ни за себе (10 %).

# VIII. ЦЕЛИ И МЕХАНИЗМИ НА ДОБРОТВОРНИТЕ ПРИЛОЗИ

## VIII.1. ЦЕЛИ НА ДОБРОТВОРНИТЕ ПРИЛОЗИ

Граѓаните на Македонија најчесто даруваат за хуманитарна помош и помагање на сиромашни.

За хуманитарна помош и помагање на сиромашни најмногу даруваат вработените во јавниот сектор (44,8 %), граѓаните што живеат во градови поголеми од 50.000 жители (51,4 %), членовите на граѓанските организации (46,6 %), граѓаните од полошкиот (51,2 %) и од пелагонискиот (57,4 %) регион.

За хуманитарна помош и помагање на сиромашни и за лекување на болни најмалку даруваат оние со незавршено основно образование - 14,3 %, односно 5,7 %. Тие најмногу даруваат за изградба на верски објекти и поддршка на верски заедници (22,9 %). Малубројни во хуманитарната помош се и оние што живеа во град до 15.000 жители, како и граѓаните од источниот (18,7 %) и од југоисточниот (16 %) регион.

Дарувањето за првата цел расте со растот на приходите во домаќинството, од 25,4 % кај оние со примања до 2.000 МКД, до 47,2 % кај оние со примања над 12.000 МКД, односно 48 % кај оние со примања од 9.001 до 12.000 МКД. Етничките Албанци повеќе даруваат за изградба на верски објекти (16,1 %) во однос на Македонците (4 %).

## Графикон VIII. 1.1.

**Цел на дарувањето во 2007 г.**






Верските заедници се првиот приоритет за дарување на македонските граѓани, веднаш потоа се здравјето и здравството и социјалната грижа, односно хуманитарното дарување. Во однос на претходната година, за 10,8 % се зголемило дарувањето за верски заедници, за 3,4 % опаднало дарувањето за здравје и здравство и за 3,9 % се зголемило дарувањето за социјални грижи. Децата и младите и лицата со хендикеп исто така имаат пад во приоритетите за 2,3 %, односно 0,8 %.

Македонците најмногу би дарувале за здравје и здравство (20,6 %) и за социјални грижи (17 %), а етничките Албанци за верски заедници (26,4 %) и за деца, за млади и за студенти (15,6 %).

Верските заедници свои верни поддржувачи имаат во домаќинките (35,5 %), во оние со незавршено основно образование (28,6%), во граѓаните кои живеат во градовите со над 50.000 жители (29,4 %), во

граѓаните со најниски примања (24,4 %) и во граѓаните што живеат во североисточниот (30,1 %) и во југозападниот (45,1 %) регион.

Наспроти нив, граѓаните што живеат во вардарскиот регион воопшто не би дарувале за верски заедници, поддршката во југоисточниот е 3,5 %, а во источниот регион 4,8 %. Граѓаните што живеат во североисточниот регион најмногу би дарувале за деца, млади и студенти (23,5 %).

Граѓаните со највисоки примања најмногу би дарувале за социјални грижи (17,6 %).

Дарувањето за здравје и здравство е меѓу приоритетите на 39,6 % од граѓаните од вардарскиот регион, на 27,1 % од граѓаните од источниот регион, а за лица со посебни потреби на 25,7 % од граѓаните од југоисточниот, на 30,1 % од граѓаните од источниот и на 23,9 % од граѓаните на пелагонискиот регион.

Граѓаните со незавршено основно образование најмалку би дарувале за здравје и здравство (5,7 %) и за лица со посебни потреби (2,9 %).



**Табела VIII. 1.2.**

**Приоритетни полиња за дарување**

| ПОЛЕ/ ПРИОРИТЕТ | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| Верски заедници | 17,5 | 7,7 | 4,4 |
| Демократија, чов. права и владеење на правото, антикорупција | 2,6 | 3,0 | 1,7 |
| Деца, млади и студенти | 11,2 | 11,8 | 8,8 |
| Етнички заедници | 0,5 | 1,4 | 0,8 |
| Жени и родови прашања | 0,9 | 1,8 | 1,8 |
| Животна средина и природа | 1,4 | 2,8 | 3,6 |
| Здравје и здравство | 16,7 | 15,6 | 9,1 |
| Култура и уметност | 0,4 | 2,1 | 2,4 |
| Лица со посебни потреби | 12,7 | 12,5 | 11,1 |
| Ненасилство и толеранција | 1,2 | 1,7 | 3,6 |
| Образование и наука | 1,2 | 3,0 | 5,5 |
| Стари лица | 3,4 | 8,7 | 9,7 |
| Развој на граѓанското општество | 0,7 | 0,9 | 2,2 |
| Родољубни | 0,3 | 0,5 | 1,4 |
| Рурален развој | 2,7 | 2,4 | 2,9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Социјална грижа (хуманитарни) | 15,6 | 11,8 | 13,3 |
| Спорт, хоби и рекреација | 1,7 | 1,7 | 4,5 |
| Не дарува | 9,3 | 9,3 | 9,3 |
| Нема друг приоритет | | 1,4 | 3,8 |

Како и претходната година, најприоритетно е дарувањето на локално ниво, односно таму каде што живеат граѓаните, втор приоритет е општината. Додека овие два приоритети се зголемиле во однос на претходната година, другите опаднале.

## Графикон VIII. 1.3.
**Приоритетни нивоа на дарување**




Имајќи предвид дека бројот на оние што даруваат се намалил во однос на претходната година, намалени се и процентите на сите одговори за тоа што и колку дарувале граѓаните. За 8,6 % е намален бројот на оние што даруваат пари, за 8 % е намален бројот на оние што даруваат добра (облека и храна) итн. За жал, доброволната работа повторно е на дното на листата со дополнително намалување на 3,9 % наспроти 6,2 % во 2006 г.

Најмалку во пари даруваат земјоделците (29,3 %), како и оние со незавршено основно образование (20 %). И жителите на градовите од

15.000 до 50.000 жители најмалку даруваат пари (32,9 %), а најмногу добра 17,5 %.

Пари даруваат најмногу оние со примања над 12.000 МКД (55,6 %) и оние од пелагонискиот регион (71,6 %), а најмалку оние од полошкиот (30,5 %) и од југоисточниот (30,6 %) регион.

Во полошкиот (28 %) и во североисточниот регион (26,5 %) најмногу даруваат во добра.

**Графикон VIII. 1.4.**
**Што даруваат граѓаните**




Најголем дел од граѓаните дарувале вкупно до 500 МКД што е за 2,1 % повеќе од претходната година. Се намалил бројот на оние што дарувале од 501 до 1.000 МКД, како и другите опции.

Земјоделците најмалку дарувале до 500 МКД. До 500 МКД најмногу дарувале жителите на градовите над 50.000 жители (36,9 %) и граѓаните од пелагонискиот регион (59,1 %).

## Графикон VIII. 1.6.

**Вкупен износ на дадените добротворни прилози (пари или добра) во 2007г.**




Според резултатите, граѓаните најчесто даруваат над 500 МКД - 13,3 % или од 50 до 100 МКД - 12,6 %. Во однос на претходната година, ова е зголемување за 6,7 %. Другите се намалиле во однос на претходната година.



## Графикон VIII.1.3.

**Ако сте дарувале пари, колку сте дарувале?**



## VIII.2. МЕХАНИЗМИ НА ДАРУВАЊЕ

Механизмите на дарување можат да го олеснат или отежнат дарувањето. Затоа е важно каков механизам ќе се избере. Граѓаните најмногу сакаат да даруваат на рака, односно од куќа на куќа. Овој начин на дарување како свој прв приоритет го избрале 49 % од испитаниците, што е 14,5 % повеќе од мината година. Најчест втор приоритет е дарувањето преку СМС, што е промена во однос на претходната година кога втор приоритет беа жиро-сметките.

**Графикон VIII. 2.1.**
**Механизми на дарување**




Етничките Албанци повеќе сакаат да даруваат на рака, односно од куќа на куќа (71 %), за разлика од Македонците (40,6 %). Овој процент е поголем и кај испитаниците со завршено основно образование (65,2 %). Повеќе сакаат да даруваат на рака и земјоделците (56,1 %) и домаќинките (66,9 %), оние кои живеат на село (59,4 %) и испитаниците од полошкиот регион (69,1 %).

Повеќе од половината од испитаниците сакаат да даруваат директно (58,7 %). Од посредниците, прво би ги избрале црквите и верските заедници (24,6 %) што е за 18,6 % повеќе од минатата година. Понатаму, граѓаните би дарувале преку Македонскиот црвен крст или преку јавна установа (болница).

Земјоделците, ако користат посредник, најпрво би ја одбрале црквата (31,7 %), а вработените во граѓански организации би одбрале граѓанска организација како посредник (20 %). Граѓаните кои живеат во пелагонискиот регион најмногу сакаат да даруваат директно на корисник (72,2 %), а оние од вардарскиот регион, најмалку (30,2 %).

**Графикон VIII. 2.2.**

**Преку кого претпочитаат да даруваат граѓаните**




„За да избегнам злоупотреба, како и за да видам кому давам“, вели најголемиот број од испитаниците на прашањето зошто сакате директно да дарувате.

Вработените во јавниот сектор најмногу се плашат од злоупотреба на средствата (46 %) и затоа сакаат директно да даруваат. Од злоупотре-

ба повеќе се плашат и оние со повисоки примања во домаќинството (50,9 % кај оние со примања над 12.000 МКД).

**Графикон VIII.2.3.**
**Причини за директно давање добротворни прилози**






**ЗАКЛУЧОЦИ**

## 1. Прв приоритет за дарување оваа година се верските заедници

За 17,5 % од граѓаните прв приоритет во дарувањето се верските заедници, наспроти приоритетите во 2006 година - здравјето и здравството (20,1 %), потоа децата и младите (13,5 %), па лицата со посебни потреби (13,5 %).

## 2. Најчесто се даруваат пари, а вообичаената сума е од 50 до 500 денари

Луѓето преферираат да даруваат пари (43,8 %). Според одговорите, подигнат е прагот од прилози меѓу 10 и 100 денари во 2006 на прилози над 500 денари во 2007 година. За жал, волонтерската работа е повторно на дното на листата со дополнително намалување на 3,9 %, наспроти 6,2 % во 2006 година.

## 3. Граѓаните најмногу сакаат да даруваат директно и на рака

Граѓаните најмногу сакаат да даруваат на рака, односно од врата на врата (49 %), втор приоритет се СМС-пораките (20,8 %). Расте процентот на граѓаните што сакаат да даруваат на рака (34,5 % во

2006 година) и на оние што дарувањето најмногу сакаат да го направат директно (58,7 %), а не преку посредници (53 % во 2006 г.).Ова е во спротивност со ставот на 35 % од испитаниците кои се плашат од злоупотреба и со ставот на 27,7 % од испитаниците кои очекуваат да добијат информација за тоа како е употребена помошта. Бројот на оние што како посредник би избрале граѓанска организација сè уште е многу мал и сега (3,1 %) и во 2006 година (2,8 %). Освен стравот од злоупотреба, граѓаните (34,1 %) сакаат да видат кому му ја даваат помошта.

# IX. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## IX.1. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ДОБРОТВОРНИТЕ АКЦИИ

Електронските медиуми и оваа година се најефикасни во ширењето информации за добротворните акции, иако и директната комуникација (информирањето) не е занемарлива.

Електронските медиуми (30,1 %) и корисниците (28,3 %) се изворите на информација за Македонците, додека етничките Албанци информациите најчесто ги добиваат од соседите и пријателите (31,9 %).

Оние со примања над 12.000 најчесто се информираат преку електронските медиуми (43,5 %) и оние од вардарскиот регион (46,9 %), а од полошкиот, најмногу од пријатели и соседи 37,8 %.



**Графикон IX.1.1.**
**Начин на информирање за добротворни акции**



## IX.2. НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ДОБРОТВОРНИТЕ ПРИЛОЗИ

Едно од најчесто поставуваните прашања кога станува збор за добротворното дарување е како се трошат собраните средства. Иако мислењата на испитаниците се поделени, се забележува дека во однос на претходната година за 7,7 % е зголемен бројот на оние што сосема се согласуваат со ставот „добротворните прилози коишто се собираат од граѓаните се употребуваат строго наменски", а намален е бројот на оние што сметаат дека средствата секогаш се проневеруваат (за 6,2 %). Дека средствата се употребуваат главно наменски, најмалку веруваат оние со незавршено основно образование (17,10 %). Процентот расте како што расте степенот на образованието, до 42,7 % кај оние со вишо и со високо образование. И, обратно, во тоа дека добротворните прилози делумно се проневеруваат, најмногу веруваат оние со незавршено основно образование (28,6 %), а процентот опаѓа како што расте степенот на образованието, до 6,8 % кај оние со средно образование и 7,8 % кај оние со вишо и со високо образование.



Граѓаните што живеат во градови со повеќе од 50.000 жители повеќе се склони да веруваат дека добротворните прилози главно се употребуваат наменски (54,5 %). Оние со месечни примања до 2.000 денари најмалку веруваат дека добротворните прилози главно се употребуваат наменски (27,1 %).

Гледано според региони, граѓаните од југозападниот (71,8 %) и од североисточниот регион (53,7 %) најмногу веруваат во ставот дека добротворните прилози главно се употребуваат наменски. Најмалку во овој став веруваат граѓаните од вардарскиот регион (16,7 %). Ниту еден граѓанин од овој регион не смета дека добротворните прилози секогаш се употребуваат наменски. Граѓаните од источниот регион најмногу веруваат дека добротворните прилози делумно се проневеруваат (50,6 %), а граѓаните од вардарскиот регион најмногу веруваат во ставот дека добротворните прилози секогаш се проневеруваат (41,7 %).

**Графикон IX.2.1.**

**Наменска употреба на добротворните прилози**






## IX.3. ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА

Мнозинство од граѓаните сметаат дека оние што даруваат не треба да добијат ништо затоа што чинот на дарување е самоисполнителен. Во споредба со претходната година, ова е зголемување за 22 %. Најмалку со овој став се согласуваат граѓаните со незавршено основно образование (54,3 %) и оние од вардарскиот регион (50 %). Најмногу со овој став се согласуваат оние што живеат во град со повеќе од 50.000 жители (74,9 %), оние со месечни примања по член на домаќинството над 12.000 МКД и оние од пелагонискиот (86,9 %) и од североисточниот регион (74,3 %).

Информација за употребените средства најмногу им треба на граѓаните од вардарскиот регион 22,9 %.

## Графикон IX.3.1.
**Оние кои даруваат треба да добијат**




## ЗАКЛУЧОЦИ

### 1. Информациите за добротворните акции најефикасно се шират преку електронските медиуми

Најголем број граѓани (30,1 %) за добротворните акции се информираат преку електронските медиуми и директно од корисниците (28,3 %).

### 2. Поделена перцепција за наменската употреба на средствата, вкупно 53,2 % од испитаниците сметаа дека собраните прилози се употребуваат наменски

Се уште е висок процентот на оние што сметаат дека средствата не се употребуваат наменски (45,5 %). Потребата од информација за користењето на помошта е втор приоритет за граѓаните (27,7 %).

# ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК

**одговорите се изразени во проценти (%)**

| 1. Кој е одговорен за решавање на општествените проблеми? | |
|---|---|
| Државата | 52,9 |
| Претпријатијата | 2,2 |
| Самите граѓани | 4,2 |
| Заедно, државата, деловниот (приватениот) сектор и граѓаните | 33,9 |
| Немам став | 6,8 |

| 2. Граѓаните имаат одговорност да: | Да | Не |
|---|---|---|
| Ги почитуваат законите/ законските обврски | 88,7 | 4,2 |
| Учествуваат во политички непартиски активности | 35,0 | 44,9 |
| Учествуваат волонтерски во активности на заедницата | 41,4 | 39,8 |
| Учествуваат во активностите на организациите на граѓанското општество | 40,3 | 42,2 |
| Даруваат добротворно (да даваат добротворни прилози) | 51,1 | 36,0 |

| 3. Општествените потреби (проблеми) можат да се решат со: | Да | Не |
|---|---|---|
| Социјална и хуманитарна помош за групите во потреба | 38,9 | 46,5 |
| Нов развој, вработување и оспособување на граѓаните | 92,1 | 3,2 |
| Барање одговорност од државата и влијание на јавните политики | 74,9 | 12,4 |

| 4. Повеќето луѓе се: | |
|---|---|
| Солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите во потреба | 39,3 |
| Грижат само за себе и не се заинтересирани за другите, за заедницата и за земјата | 45,7 |
| Не знам | 15,0 |

| 5. Колку е за вас оправдано: | Секогаш | Понекогаш | Никогаш |
|---|---|---|---|
| Да барате повластувања од Владата за кои немате право | 9,5 | 32,7 | 57,8 |
| Да избегнувате да плаќате јавен превоз | 1,4 | 18,7 | 79,9 |
| Да избегнувате да плаќате данок | 1,2 | 18,0 | 80,8 |
| Да не плаќате за комуналните услуги | 2,4 | 19,2 | 78,4 |

| 6. Колку сте учествувале/практикувале во последните 12 месеци? | Не | Еднаш | Неколку пати | Постојано |
|---|---|---|---|---|
| Напишано писмо во весник | 91,7 | 5,7 | 2,3 | 0,3 |
| Потпишано петиција, референдум | 77,6 | 15,1 | 6,9 | 0,4 |
| Учество во протест, демонстрации | 74,9 | 14,7 | 8,9 | 1,4 |
| Јавено на отворена телефонска линија заради пријава/жалба | 84,8 | 10,3 | 4,4 | 0,6 |

| 7. Дали во изминативе 12 месеци имало состаноци на кои се разговарало за проблемите во вашата општина? | | 9. Дали во последниве 12 месеци луѓето во вашата општина доброволно се организирале да направат нешто корисно (чистење улици и сл.)? | |
|---|---|---|---|
| Да | 26,6 | Да | 22,8 |
| Не | 39,5 | Не | 49,1 |
| Не знам | 33,9 | Не знам | 28,1 |
| **8. Дали и колку пати вие сте зеле учество на вакви состаноци?** | | **10. Дали и колку пати во последниве 12 месеци сте учествувале во таква активност?** | |
| Не сум учествувал (не знам) | 65,1 | Не сум учествувал (не знам) | 38,1 |
| Еднаш | 7,1 | Еднаш | 6,0 |
| Неколку пати | 9,0 | Неколку пати | 5,2 |
| Многу пати | 2,2 | Многу пати | 1,6 |
| Немало состаноци | 16,7 | Немало активности | 49,1 |
| **11. Дали вие лично им помагате на луѓето во вашата заедница надвор од организациите, без да добиете надомест за тоа (помош на стари, сиромашни и сл.)?** | | **13. Дали во последниве 12 месеци сте биле вклучен во работата на некоја организација на граѓанското општество?** | |
| Да | 40,8 | Да | 17,0 |
| Не | 59,2 | Не | 83,0 |



| 12. Во последниот месец колку време приближно сте посветиле (преку организации или самостојно) на помагање на други луѓе? | |
|---|---|
| Воопшто не сум посветил време | 59,2 |
| До 4 часа, половина ден | 25,5 |
| Од 4 до 8 часа, еден ден | 9,0 |
| Над 8 часа (еден работен ден) | 6,3 |

| 14. Ако сте биле вклучен, во кој сектор работи таа организација на граѓанското општество? | |
|---|---|
| Цркви и верски заедници | 4,7 |
| Демократија, човекови права и владеење на правото | 0,9 |
| Деца, млади и студенти | 0,7 |
| Етнички заедници | 0 |
| Жени и родови прашања | 0 |
| Животна средина и природа | 0,9 |
| Здравје и здравство | 1,1 |
| Информации | 0 |
| Култура и уметност | 0 |
| Лица со посебни потреби | 0,6 |
| Струкови здруженија | 0 |
| Ненасилство и толеранција | 0 |
| Образование и наука | 0 |
| Финансиски услуги | 0 |

| | |
|---|---|
| Развој на граѓанското општество | 0,8 |
| Родољубни | 0 |
| Рурален развој | 0,8 |
| Организација на работодавачите | 0 |
| Синдикати | 1,2 |
| Социјални и хуманитарни | 0,8 |
| Спорт, хоби и рекреација | 1,4 |
| Стари лица | 0,9 |
| Друго | 2,1 |
| Не бил/а вклучен/а | 83,0 |

| **15. На кој начин сте биле вклучени во нивната работа?** | | **16. Во споредба со периодот пред две години, дали вашето учество во овие организации сега е поголемо или помало?** | |
|---|---|---|---|
| Сум плаќал членарина | 2,2 | Поголемо | 5,8 |
| Со доброволна работа (без надоместок) | 5,2 | Речиси исто | 10,8 |
| Со учество во активности | 7,2 | Помало | 2,6 |
| Со донирање пари | 2,4 | Не припаѓам на ниедна | 80,9 |
| Не сум бил вклучен | 83,0 | | |

| **17. Кои две од организациите на кои им припаѓате во моментов ви се најважни?** | |
|---|---|
| Домашна невладина организација | 2,1 |
| Меѓународна невладина организација | 0,2 |
| Жени и родови прашања | 1,0 |
| Синдикати | 1,3 |
| Верски заедници | 3,6 |
| Социјални и хуманитарни организации | 1,2 |
| Спортски организации | 1,2 |
| Животна средина и природа | 0,3 |
| Деца, млади и студенти | 0,9 |
| Стари лица (пензионери) | 0,3 |
| Бизнис и други струкови/ земјоделски здруженија | 0,7 |
| Здравје и здравство | 0,8 |
| Друго | 1,2 |
| Не припаѓам на ниедна | 85,0 |

| **18. Зошто овие организации ви се важни?** | |
|---|---|
| Зашто обезбедувам дополнителни приходи или други лични добивки од организацијата | 1,1 |
| Заради можноста за социјализација (да запознавам нови луѓе, да се дружам и сл.) | 2,7 |
| Заради можноста за личен развој (стекнување нови знаења и искуства) | 2,9 |

| | |
|---|---|
| Зашто ѝ помагаат на мојата заедница | 3,3 |
| Зашто нивната мисија е во согласност со она во што верувам | 4,4 |
| Заради можноста за стекнување углед и почит (самореализација) | 0,6 |
| Не припаѓам на ниедна | 85,0 |
| **19. Дали сте дарувале (пари/добра) во добротворни цели во последните 12 месеци?** | |
| Да, редовно, скоро секој месец и за секоја акција | 9,8 |
| Да, неколку пати | 54,8 |
| Не, но би дал | 26,3 |
| Не, но не би ни дал | 9,1 |
| **20. Зошто дарувате (давате добротворни прилози)?** | |
| Луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе | 36,3 |
| Од сожалување | 18,2 |
| Затоа што имам доволно и можам да давам | 4,7 |
| За да се ослободам од тие кои упорно бараа | 0,9 |
| Ми беше непријатно да одбијам | 3,7 |
| Друго | 0,7 |
| Не дарувам | 35,4 |
| **21. Доколку не дарувате, зошто не дарувате?** | |
| Секој треба се грижи самиот за себе | 2,9 |
| Немам ни за мене доволно (мене ми е потребна помош) | 10,0 |
| На никого не му верувам, се сомневам во злоупотреби | 4,0 |
| Не сум сигурен дали навистина им треба | 2,1 |
| Не сум информиран како се употребуваат средствата | 2,9 |
| Не верувам дека има ефект | 2,2 |
| Сакам, но не знам како | 4,2 |
| Друго | 1,5 |
| Дарувам | 64,6 |
| Без одговор | 5,7 |
| **22. Доколку сте дарувале во последните 12 месеци, за која цел сте дарувале?** | |
| Хуманитарна помош, помагање на сиромашни | 34,8 |
| Лекување на болни | 16,3 |
| Изградба на верски објекти и поддршка на верските заедници | 7,0 |
| Чувството да се помогне на друг, солидарност | 6,8 |
| Помагање на училишта | 0,3 |
| Подобрување на животот во локалната заедница, инфраструктура | 0,4 |
| Помагање на спортот | 0,2 |
| Друго | 0,9 |
| Не сум дарувал | 29,3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без одговор | | | 4,0 |
| **23. Доколку дарувате, кои цели (полиња) ви се приоритетни за дарувањето?** | 1 | 2 | 3 |
| Верски заедници | 17,5 | 7,7 | 4,4 |
| Демократија, чов. права и владеење на правото, антикорупција | 2,6 | 3,0 | 1,7 |
| Деца, млади и студенти | 11,2 | 11,8 | 8,8 |
| Етнички заедници | 0,5 | 1,4 | 0,8 |
| Жени и родови прашања | 0,9 | 1,8 | 1,8 |
| Животна средина и природа | 1,4 | 2,8 | 3,6 |
| Здравје и здравство | 16,7 | 15,6 | 9,1 |
| Култура и уметност | 0,4 | 2,1 | 2,4 |
| Лица со посебни потреби | 12,7 | 12,5 | 11,1 |
| Ненасилство и толеранција | 1,2 | 1,7 | 3,6 |
| Образование и наука | 1,2 | 3,0 | 5,5 |
| Стари лица | 3,4 | 8,7 | 9,7 |
| Развој на граѓанското општество | 0,7 | 0,9 | 2,2 |
| Родољубни | 0,3 | 0,5 | 1,4 |
| Рурален развој | 2,7 | 2,4 | 2,9 |
| Социјална грижа (хуманитарни) | 15,6 | 11,8 | 13,3 |
| Спорт, хоби и рекреација | 1,7 | 1,7 | 4,5 |
| Не дарува | 9,3 | 9,3 | 9,3 |
| Нема друг приоритет | | 1,4 | 3,8 |
| **24. Доколку дарувате, кои две нивоа ви се приоритетни за дарување?** | | 1 | 2 |
| Локално во вашата месна заедница | | 57,6 | 10,0 |
| Во вашата општина или во вашиот град | | 27,3 | 44,7 |
| Во вашиот регион (во Македонија) | | 5,2 | 24,1 |
| Национално (на ниво на цела Македонија) | | 6,3 | 12,0 |
| Меѓународно (поддршка надвор од Македонија) | | 0,7 | 3,1 |
| Без одговор/ нема друг приоритет | | 2,9 | 6,1 |
| **25. Ако сте дарувале, што сте дарувале?** | | | |
| Пари | | | 43,8 |
| Добра (храна, облека) | | | 15,9 |
| Во добротворна работа (време, грижа за стари лица, знаење и сл.) | | | 3,9 |
| Не сум дарувал | | | 36,4 |

| 26. Колку вкупно сте дале во добротворни прилози (пари или добра) во последните 12 месеци? | | 27. Ако сте дарувале пари, колку сте дарувале? | |
|---|---|---|---|
| До 500 денари | 26,3 | Ситно, помалку од 10 денари | 2,2 |
| 501 - 1.000 МКД | 11,2 | 10 - 50 МКД | 7,5 |
| 1.001 - 2.000 МКД | 6,8 | 50 - 100 МКД | 12,6 |
| 2.001 - 5.000 МКД | 3,4 | 100 - 500 МКД | 8,2 |
| 5.001 - 10.000 МКД | 2,1 | Над 500 МКД | 13,3 |
| Над 10.000 МКД | 1,3 | Не сум дарувал пари | 19,8 |
| Не знае | 12,4 | Не сум дарувал ништо | 36,4 |
| Не сум дарувал | 36,4 | | |

| 28. Наведете како претпочитате да дарувате. Приоритет од 1 до 2. | 1 | 2 |
|---|---|---|
| Од куќа на куќа (на рака) | 49,0 | 7,5 |
| Во кутија за готовина | 11,9 | 18,8 |
| На жиро-сметка (со уплатница) | 14,5 | 18,8 |
| Со теледонација (СМС, телефон) | 12,4 | 20,8 |
| Со кредитна картичка | 0,3 | 2,8 |
| Со купување предмети (аукција, продавница) | 2,4 | 7,6 |
| Со купување наменски (брендирани) предмети | 1,0 | 4,4 |
| Со купување услуги (концерти и сл.) | 2,5 | 6 |
| Со купување лоз/ среќка/ бинго | 0,7 | 1,7 |
| Не дарувам | 5,4 | 5,4 |
| Нема втор приоритет | | 6,2 |

| 29. Наведете кому или преку кого претпочитате да дарувате. Приоритет од 1 до 2. | 1 | 2 |
|---|---|---|
| Директно на корисник (не претпочитам посредници) | 58,7 | 12,3 |
| Црква и верска заедница | 13,0 | 24,6 |
| Македонски црвен крст (и Македонска полумесечина) | 7,7 | 17,7 |
| Меѓународна организација | 2,6 | 4,3 |
| Граѓанска организација | 3,1 | 7,3 |
| Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) | 0,4 | 1,6 |
| Месна заедница или општина | 2,9 | 9,3 |
| Јавна установа (болница, училиште) | 6,3 | 11,9 |
| Не дарувам | 5,4 | 5,4 |
| Немам втор приоритет | н.р. | 5,6 |

| 30. Доколку претпочитате да дарувате директно на корисникот, зошто е тоа така? | |
|---|---|
| Сакам да видам кому му давам | 34,1 |
| Сакам тој да види кој му дава | 6,3 |
| Сакам благодарноста да ја видам лично | 3,3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| За да избегнам злоупотреба | | | 35,0 |
| Не би дарувал директно | | | 12,5 |
| Не би дарувал воопшто | | | 4,8 |
| Без одговор | | | 3,9 |
| **31. Како се информирате за добротворните акции?** | | | |
| Директно од корисниците/ барателите | | | 28,3 |
| Од електронските медиум | | | 30,1 |
| Од печатените медиуми | | | 8,0 |
| Во црква или верска заедница | | | 5,7 |
| Писма и летоци | | | 0,8 |
| Од пријатели и соседи | | | 15,7 |
| Не сум информиран | | | 9,8 |
| Без одговор | | | 1,7 |
| **32. Што треба да добијат тие кои даруваат? Приоритет од 1 до 3.** | **1** | **2** | **3** |
| Ништо, чинот на дарување е самоисполнителен | 64,5 | 8,6 | 4,9 |
| Јавна благодарност со објавување на името | 5,3 | 10,1 | 2,8 |
| Даночно поттикнување/ олеснување | 2,8 | 10,1 | 6,8 |
| Информација за употребата на средствата/ користење на помошта | 12,1 | 27,7 | 13,0 |
| Благодарница, писмо со благодарност | 2,1 | 5,2 | 9,2 |
| Да ја посетам активноста | 3,0 | 9,9 | 24,6 |
| Друго | 1,7 | 2,6 | 7,5 |
| Не дарувам | 5,9 | 6,1 | 6,2 |
| Без одговор | 2,7 | 2,7 | 2,7 |
| Немам друг приоритет | | 17,0 | 22,3 |
| **33. Добротворните прилози коишто се собираат од граѓаните се употребуваат строго наменски:** | | | |
| Да, секогаш | | | 13,1 |
| Главно се употребуваат наменски | | | 40,1 |
| Делумно се проневеруваат (делумно не се употребуваат) | | | 37,2 |
| Секогаш се проневеруваат (никогаш не се употребуваат) | | | 8,3 |
| Без одговор (не знам) | | | 1,4 |

# ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

| СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ | % |
|---|---|
| **ПОЛ** | |
| Машки | 50,6 |
| Женски | 49,4 |
| **ВОЗРАСТ** | |
| 18-25 год. | 14,9 |
| 26-30 год. | 17,2 |
| 31-40 год. | 23,6 |
| 41-50 год. | 21,5 |
| 50-65 год. | 17,5 |
| Над 65 год. | 5,2 |
| **ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ** | |
| Македонец | 65,0 |
| Албанец | 23,6 |
| Турчин | 4,3 |
| Ром | 1,6 |
| Србин | 2,2 |
| Влав | 0,9 |
| Друго | 2,4 |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| Незавршено основно | 2,2 |
| Основно | 17,2 |
| Средно | 58,4 |
| Вишо/ високо | 22,3 |
| **МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ** | |
| Село | 40,3 |
| Град до 15.000 жители | 8,2 |
| Град од 15.000 до 50.000 жители | 14,2 |
| Град над 50.000 жители | 15,9 |
| Скопје | 21,5 |
| **РАБОТЕН СТАТУС** | |
| Вработен во јавниот сектор | 19,6 |

| | |
|---|---|
| Вработен во приватниот сектор | 31,8 |
| Вработен во граѓанскиот сектор (НВО) | 0,6 |
| Земјоделец | 2,6 |
| Домаќинка | 7,7 |
| Пензионер | 9,3 |
| Ученик, студент | 9,8 |
| Невработен | 18,5 |
| **ЧЛЕН НА ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА** | |
| Да | 15,6 |
| Не | 84,4 |
| **МЕСЕЧНИ ПРИМАЊА ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВОТО** | |
| до 2.000 ден. | 18,1 |
| 2.001 - 4.000 ден. | 28,9 |
| 4.001 - 6.000 ден. | 22,8 |
| 6.001 - 9.000 ден. | 15,5 |
| 9.001 - 12.000 ден. | 7,9 |
| Над 12.000 ден. | 6,7 |
| Без одговор | |
| **КОЈА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЈА ЧУВСТВУВАТЕ КАКО СВОЈА?** | |
| СДСМ | 13,2 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19,3 |
| ДУИ | 7,0 |
| ДПА | 6,3 |
| ПДП | 1,6 |
| НСДП (Тито Петковски) | 2,1 |
| ЛДП | 1,6 |
| Друга | 4,2 |
| Ниедна | 44,8 |
| **РЕГИОНИ** | |
| Југоисточен | 9,0 |
| Источен | 10,3 |
| Североисточен | 8,5 |
| Вардарски | 6,0 |
| Југозападен | 8,8 |
| Скопски | 29,4 |
| Пелагониски | 11,0 |
| Полошки | 17,1 |

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.57 (497.7) „2007“ (047)
061.2 (497.7) „2007“ (047)

КЛЕКОВСКИ, Сашо
Општествена одговорност на граѓаните / (автори Сашо Клековски, Александар Кржаловски, Гонце Јаковлеска). – Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2008. – 69 стр. : табели ; 20 см.

ISBN 978-9989-102-66-0

1. Кржаловски, Александар (автор) 2. Јаковлеска, Гонце (автор)
а) Граѓанска партиципација – Македонија – 2007 – Извештаи
б) Невладини организации – Македонија – 2007 – Извештаи

COBISS.MK – ID 71368714

[redacted]